2011

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПОВРЗАНО ЛИЦЕ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ДДВ

Регистрација, пријавување промени и одјава на поврзано лице за целите на ДДВ

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 21.12.2011 година

Уредници: Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација
Виолета Ставрова - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за информатичка технологија

Наслов: Поврзано лице за целите на ДДВ

ISBN: 978-608-4592-25-9
Бр: 08-7787/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/38

**2011 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ..........2

РЕГИСТРАЦИЈА НА ПОВРЗАНО ЛИЦЕ ЗА ЦЕЛИ НА ДДВ..........3
- Услови за регистрација на поврзано лице..........3
- Претставник на поврзаното лице..........3
- Поднесете пријава за регистрација за ДДВ на поврзано лице..........3
- Рок за регистрација на поврзано лице за ДДВ..........4
- Службена регистрација на поврзано лице за ДДВ..........4
- Прекинување на регистрација за ДДВ на поединечните лица кои се регистрираат како поврзано лице..........5
- Обврски на лицата пред нивната регистрација како поврзано лице..........5
- Пренесување на обврските односно побарувањата за ДДВ од поединечните лица на поврзаното лице..........5
- Даночен период за поднесување на даночните пријави на ДДВ на поврзаното лице..........5

ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ КАЈ ПОВРЗАНО ЛИЦЕ..........6
- Пристапување на ново лице кон поврзаното лице..........6
- Истапување на лице од поврзаното лице..........7

ОДЈАВА НА ПОВРЗАНО ЛИЦЕ..........8
- Обврски на поврзаното лице пред неговото бришење..........8
- Обврски на поединечните лица од поврзаното лице кое се брише..........8

## ВОВЕД

Поврзано лице за ДДВ претставува група на лица кои се правно независни, регистрирани за целите на ДДВ и кои се тесно поврзани сопственички, организациски или управувачки.

Оваа брошура треба да ве информира општо за регистрацијата, пријавувањето на промени и одјава на поврзаното лице за целите на данокот на додадена вредност.

Во случај на посложени правни прашања или на прашања во врска со одредени вонредни околности, ве молиме да се обратите до Управата за јавни приходи.

Во текстот се употребуваат следните кратенки:

| | |
|---|---|
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| “ДДВ-01/ПЛ“ | Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност на поврзани лица |
| “ДДВ-01“ | Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност |
| “ДДВ-04“ | Даночна пријава на данокот на додадена вредност |

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ПОВРЗАНО ЛИЦЕ ЗА ЦЕЛИ НА ДДВ

Регистрацијата на поврзано лице овозможува две или повеќе лица регистрирани за целите на ДДВ да се пријават како едно лице кое подлежи на оданочување со ДДВ, односно како еден даночен обврзник-поврзано лице. Поврзаното лице ќе има третман како и секое друго единечно лице регистрирано за целите на ДДВ.

### Услови за регистрација на поврзано лице

За да се регистрира едно поврзано лице мора да бидат исполнети следните услови:

- ✓ лицата да се регистрирани за целите на ДДВ;
- ✓ лицата да не вршат повеќе од 40% од вкупниот промет во претходната година на име промет ослободен од данок без право на одбивка; и
- ✓ меѓу лицата да постои организациска, сопственичка или управувачка поврзаност.

### Претставник на поврзаното лице

Секое поврзано лице има свој претставник кој е одговорен за пополнување и поднесување на даночните пријави на данокот на додадена вредност. Регистрацијата на поврзаното лице ќе биде на име на претставникот на поврзаното лице, кој ја поднесува Пријавата за регистрација за ДДВ на поврзани лица.

### Поднесете пријава за регистрација за ДДВ на поврзано лице!

Лицата кои сакаат да се регистрираат како поврзано лице треба да поднесат Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност на поврзани лица (образец “ДДВ-01/ПЛ”), која можете да ја преземете од веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/35 или да ја побарате во даночните канцеларии.
Пријавата се поднесува во онолку примероци колку што лица се поврзуваат во поврзаното лице (пр. доколку како поврзано лице се регистрираат 3 поединечни лица, пријавата се поднесува во 3 примероци), до Регионалната дирекција на УЈП, според седиштето на претставникот на поврзаното лице.

## Рок за регистрација на поврзано лице за ДДВ

Рокот за поднесување на пријавата не е пропишан. Во моментот кога лицата ќе утврдат дека ги исполнуваат условите за регистрација како поврзано лице и доколку сакаат да се регистрираат како поврзано лице може да поднесат Пријава за регистрација за ДДВ на поврзани лица.
Управата за јавни приходи има обврска да ја разгледа пријавата, да ги провери сите податоци кои се искажани во неа и да одлучи по пријавата во рок до 90 дена од нејзиното поднесување.

За извршената регистрација како поврзано лице, УЈП издава Решение за регистрација за данокот на додадена вредност на поврзани лица во кое го назначува бројот за ДДВ на поврзаното лице, претставникот на поврзаното лице, сите лица кои ги вклучува поврзаното лице, датумот на отпочнување на делување на поврзаното лице, првиот даночен период, како и даночниот период на поднесување на ДДВ пријавите.
Бројот за ДДВ на поврзаното лице ќе се користи на сите фактури или други документи издадени од било кое лице во поврзаното лице.

## Службена регистрација на поврзано лице за ДДВ

УЈП може службено да регистрира поврзано лице, доколку утврди дека се исполнети условите за службена регистрација. За да се регистрира едно поврзано лице службено, мора да бидат исполнети следните услови:

- √ лицата да се регистрирани за целите на ДДВ;
- √ лицата да не вршат повеќе од 40% од вкупниот промет во претходната година на име промет ослободен од данок без право на одбивка;
- √ меѓу лицата да постои организациска, сопственичка или управувачка поврзаност; и
- √ да постои нарушување на даночните принципи или можност за нивно нарушување.

Во случај на службена регистрација на поврзано лице, доколку поврзаното лице доброволно не го одреди претставникот, тоа ќе го направи УЈП.

## Прекинување на регистрација за ДДВ на поединечните лица кои се регистрираат како поврзано лице

Со регистрирањето на поврзаното лице се врши прекинување на регистрацијата за ДДВ на секое лице во поврзаното лице. Прекинувањето на регистрацијата се врши после 25-ти во месецот, од кога отпочнува да делува поврзаното лице со последниот ден од месецот во кој лицата самостојно делувале. За извршеното прекинување на регистрацијата за ДДВ, УЈП на поединечните лица им издава Решение за прекинување на регистрацијата за ДДВ со наведување на датумот на прекинување на поединечната регистрација за ДДВ.
Доколку барањето за регистрација се одбие, поединечните лица продолжуваат да работат како поединечни даночни обврзници регистрирани за ДДВ.

## Обврски на лицата пред нивната регистрација како поврзано лице

Лицата кои се регистрираат како поврзано лице должни се да поднесат ДДВ-пријава (образец "ДДВ-04") http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/34 за последниот даночен период, или за дел од последниот даночен период кога делувале како самостојни обврзници за ДДВ.
Пријавите се поднесуваат во рок од 25 дена од почетокот на делување на поврзаното лице.

## Пренесување на обврските односно побарувањата за ДДВ од поединечните лица на поврзаното лице

Обврските, односно побарувањата за данокот на додадена вредност, на одделните лица кои се посебни даночни обврзници регистрирани за ДДВ и кои ќе се регистрираат како поврзано лице се пренесуваат на новиот даночен обврзник - поврзано лице.

## Даночен период за поднесување на даночните пријави на ДДВ на поврзаното лице

Поврзаното лице даночните пријави на данокот на додадена вредност ги поднесува месечно, во пропишаните законски рокови за поднесување на "ДДВ-04".

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ КАЈ ПОВРЗАНО ЛИЦЕ

Пријавувањето на промени кај поврзаното лице се врши со истата Пријава за регистрација за ДДВ на поврзани лица (образец "ДДВ-01/ПЛ"), со тоа што на самата пријава се означува дека се работи за промена на податоците.

Промената на податоци кај поврзаното лице може да се однесува на:

- √ промена на општите податоци на поврзаното лице (промена на сметка, полномошник, институција на платен промет);
- √ менување на претставникот на поврзаното лице;
- √ пристапување на нов член во поврзаното лице; и
- √ истапување на член од поврзаното лице.

### Пристапување на ново лице кон поврзаното лице

Доколку се исполнети условите за пристапување на ново лице кон поврзаното лице, лицето кое пристапува е должно да поднесе даночна пријава за последниот даночен период на самостојно делување во рок од 25 дена по истекот на последниот даночен период на самостојно делување.

Со пристапување на лицето кон поврзаното лице, се врши прекинување на неговата регистрација за ДДВ.
Прекинување на регистрацијата за ДДВ на лицето се врши после 25 дена по истекот на последниот даночен период на самостојно делување, со последниот ден од месецот во кој лицето самостојно делувало.
За извршеното прекинување на регистрацијата за ДДВ, УЈП на лицето кое пристапува кон поврзаното лице му издава Решение за прекинување на регистрацијата за ДДВ со наведување на датумот на прекинување на поединечната регистрација за ДДВ, а на поврзаното лице му издава Решение за регистрација за данок на додадена вредност на поврзано лице - измена во кое се наведуваат сите лица кои го сочинуваат поврзаното лице, како и датумот од кога новото лице пристапува кон поврзаното лице.

## Истапување на лице од поврзаното лице

Доколку се исполнети условите за истапување на лице од поврзаното лице, лицето кое истапува треба да поднесе Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност (образец “ДДВ-01”), во која како датум на почеток на вршење на стопанската дејност ќе го наведе првиот ден од месецот кој следи по месецот во кој лицето истапува од поврзаното лице. УЈП го регистрира лицето за целите на ДДВ од овој датум. Целта е да нема прекин во ДДВ регистрацијата на лицето.

Образецот “ДДВ-01“ преземете го од веб страницата на УЈП
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/34.

На поврзаното лице УЈП му издава Решение за регистрација за данок на додадена вредност на поврзани лица - измена, во кое се наведува лицето кое истапува од поврзаното лице, како и датумот од кога лицето истапува од поврзаното лице.

Во случај на истапување на лице од поврзаното лице, задолжително до УЈП се доставува Одлука во која се наведува колку од ДДВ долгот/побарувањето на поврзаното лице презема лицето кое истапува од поврзаното лице. Одлуката мора да биде потпишана како од лицето кое истапува, така и од претставникот на поврзаното лице.

## ОДЈАВА НА ПОВРЗАНО ЛИЦЕ

Доколку престанат да постојат условите за регистрација на поврзаното лице, може да се изврши негова одјава (бришење).

Одјавата на поврзаното лице се врши со поднесување на Пријава за регистрација за ДДВ на поврзани лица (образец "ДДВ-01/ПЛ"), со тоа што на пријавата се означува дека се работи за одјава на поврзаното лице.

За извршеното бришење на поврзаното лице, УЈП на поврзаното лице му издава Решение за регистрација за данок на додадена вредност на поврзани лица - бришење.

### Обврски на поврзаното лице пред неговото бришење

Поврзаното лице кое ги исполнува условите за бришење, треба да поднесе даночна пријава за ДДВ заклучно со последниот даночен период кога делувало како поврзано лице, во рок од 25 дена по истекот на последниот даночен период.

### Обврски на поединечните лица од поврзаното лице кое се брише

Поединечните лица треба да поднесат Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност (образец "ДДВ-01"), во кои како датум на почеток на вршење на стопанската дејност ќе го наведат првиот ден од месецот кој следи по месецот во кој поврзаното лице се брише. Ова се прави со цел да нема прекин во ДДВ регистрацијата на лицата. УЈП ги регистрира лицата за целите на ДДВ од овој датум.

Доколку поврзаното лице по бришењето има одреден ДДВ долг/побарување, поврзаното лице задолжително до УЈП доставува Одлука во која се наведува колку од ДДВ долгот/побарувањето на поврзаното лице преземаат поединечните лица. Одлуката мора да биде потпишана од сите лица кои биле во состав на поврзаното лице.

**Контакт Центар**
Кеј 13-ти Ноември (Градски Трговски Центар
2-ри кат) локал 500, 1000 Скопје
тел. 0800 33 000

**Генерална Дирекција на УЈП**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу” бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада“ бр. 2-а, 1000
Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална Дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври” бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална Дирекција Битола**
ул. „Борис Кидрич” бр. 24, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална Дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара” бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална Дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода” бб, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална Дирекција Кавадарци**
ул. „Едвард Кардељ” бб, 1430 Кавадарци
тел. 043/411 752; факс 043/411 751



# КОНТАКТ ЦЕНТАР

## Сите Одговори на едно место!

Заштедете време, користете лесна и брза комуникација за општите прашања и информации во врска со оданочувањето, одделните даночни процедури и постапки за плаќање. Нашите оператори се достапни секој ден од 09.00 до 20.00 часот, освен недела.

**ИНФО ДАНОЦИ**
**0800 33 000**

- ☑ Регистрација на даночен обврзник
- ☑ Оданочување и даночни постапки
- ☑ Поднесување на даночни пријави
- ☑ Користење на е-даноци
- ☑ Даночни олеснувања и ослободувања
- ☑ Плаќање даноци и придонеси

Бидете наш партнер во спречување мито, корупција и сузбивање на даночната евазија. Телефонската линија е мобилна 24 часа / 7дена. Анонимноста и дискрецијата на јавувачот се обезбедени во целост.

**ПРИЈАВЕТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ**
**198**

- ☑ Неиздавање на фискална сметка
- ☑ Вршење на нерегистрирана дејност
- ☑ Затајување на данок
- ☑ Непрофесионално однесување на даночен службеник
- ☑ Мито и корупција
- ☑ Недоставена пресметка од исплатувачот на приходи

Телефонските повици кон линиите на УЈП се бесплатни.

www.ujp.gov.mk    info@ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-25-9